Република Северна Македонија
Јавна установа
МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА
Бр 04-2085/9
10.09. 2026 год.

Врз основа на член 212 став 17 и став 18 од Законот за Социјална заштита („Сл.весник на РСМ „бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), член 21 став 1 и 2 од Законот за вработените во јавниот сектор(„Сл.весник на РМ „бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Службен Весник на Република Северна Македонија 143/19, 14/20 и 208/24), и член 22 од Статутот на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа –Прилеп, В.Д.Директорот на ЈУ Меѓуопштински Центар за социјална работа-Прилеп донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За избор на давател на јавна услуга, на неопределено време за работното место** Психолог Стручен службеник во УСЗ од петто ниво **во Служба за услуги од социјална заштита**, во **Оддел за** информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка, и услуги на советување **при ЈУ МЦСР-Прилеп**

За давател на јавна услуга, на неопределено време, за работното место Психолог Стручен службеник во УСЗ од петто ниво **во Служба за услуги од социјална заштита**, во **Оддел за** информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка, и услуги на советување **при ЈУ МЦСР-Прилеп** се избира кандидатот :

**Татјана Милошеска од Прилеп.**

Именованата ќе биде вработена во службата за услуги од социјална заштита при ЈУ МЦСР-Прилеп на работно место од предходната точка по конечноста на ова решение.
Решението ќе се применува од денот на неговото донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга, формирана со Решение донесено од В.Д.Директорот на ЈУ МЦСР-Прилеп бр. 0401-2085/6 од 31.08.2026 година, а во функција на спроведување на постапката за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга за извршување на работите на работното место Психолог Стручен службеник во УСЗ од петто ниво **во Служба за услуги од социјална заштита**, во **Оддел за** информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка, и услуги на советување **при ЈУ МЦСР-Прилеп**, а по објавениот јавен оглас за вработување на неопределено време на давател на јавна услуга, бр.1/2026 од 20.08.2026година во дневните весници „Вечер„ и „Коха„ спроведе постапка согласно Законот за социјална заштита, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи. Врз основа на извршената проверка на исполнетоста на условите од јавниот оглас и спроведеното интервју, Комисијата за селекција на кандидати за давател на јавна услуга изготви записник бр.0401-2085/7 од 07.09.2026година и до В.Д.Директорот на ЈУ МЦСР-Прилеп достави соодветна ранг-листа, бр.0401-2085/8 од 07.09.2026година .

Согласно доставената ранг- листа, се изврши избор како во диспозитивот на ова решение .
По конечноста на решението за избор на давател на јавна услуга на неопределено време, да се склучи договор за вработување на работно место Психолог Стручен службеник во УСЗ од петто

ниво во **Служба за услуги од социјална заштита**, во **Оддел за** информирање, упатување, услуги на стручна помош и поддршка, и услуги на советување **при ЈУ МЦСР-Прилеп**

**Упатство за правно средство**: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од **8 дена** од денот на приемот на решението и неговото објавување на огласна табла на установата. Жалбата се предава непосредно или по пошта, а може да се изјави и на записник.

Да се достави до- избраниот кандидат
- досие
- архива

ЈУ МЦСР-Прилеп
В.Д.Директор

Зоран Малкоски